Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 21.03.2021

На 20.03.2021 во 13.30 часот на Граничен премин Табановце, полициски службеници го лишиле од слобода А.А.(41) од с.Ваксинце, општина Липково, затоа што при контрола било констатирано дека се наоѓа на Стоп - листа поради постоење основи на сомнение дека е сторител на кривично дело. Тој бил предаден на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 20.03.2021 во 13.00 часот на Граничен прмеин Деве Баир, при пасошка контрола било констатирано дека на една страна од патната испарава на А.Ц.(32) од Република Албанија биле извршени хемиски и механички корекции. Поради сомнение за извршено кривично дело „фалсификување патна исправа", лицето било лишено од слобода и предадено на полициски службеници од Полициска станица Крива Паланка за понатамошна постапка.

На 20.03.2021 во 18.30 часот во Полициската станица Прилеп било пријавено дека на ул.„Трајко Николовски" во Прилеп се случила сообраќајна незгода во која учествувале патничко возило „фолксваген голф" со прилепски регистарски ознаки, управувано од Т.Д.(34) од Прилеп и велосипед управуван од Ц.Р.(34) од Прилеп, по што Т.Д. со возилото го напуштил местото. Во незгодата, Ц.Р. се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Градската болница Прилеп. По преземени мерки, Т.Д. и возилото биле пронајдени и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава. Увид на местото извршила увидна екипа на Полициската станица Прилеп.

На 20.03.2021 околу 19.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Св.Кирил и Методиј", патничко возило „сеат леон" со скопски регистарски ознаки, управувано од Д.М.(31) од Скопје, удрило во пешакот А.Б.(19) од Скопје. Во незгодата, А.Б. се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Комплексот клини „Мајка Тереза" во Скопје. Увид на местото извршила увидна екипа на СВР Скопје.

На 20.03.2021 во 19.00 часот во СВР Охрид било пријавено дека на магистаралниот пат Охрид – Ресен, на околу 700 метри после планинскиот превој Буково, М.С.(44) од Охрид, управувајќи патничко возило „фиат стило" со охридски регистарски ознаки, изгубила контрола и излетала од патот. Во незгодата, М.С. се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во болницата Св.Еразмо во Охрид. Увид на местото извршила екипа од СВР Охрид.

На 20.03.2021 во 12.15 часот во Полициската станица Центар, лицето Д.Л.(45) од Скопје пријавила дека на ул.„Кеј 13ти Номеври" била касната од куче скитник.

На 20.03.2021 во 12.15 часот во Полициската станица Центар, лицето Д.Д.(24) од Скопје пријавила дека на ул.„Кеј 13ти Номеври" била касната од куче скитник.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против И.К.(40) од Кичево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластување". Тој, во својство на референт за користење на шуми во Шумското стопанство „Лопушник" од Кичево, на пет физички лица од Кичево кои поднеле барање за сеча на дабови дрва во месноста „Светорача", атар на Кичево, им издал одобрение иако знаел дека не поседуваат доказ за право на сопственост на шумата. Со тоа, пријавениот им овозможил да се стекнат со противправна имотна корист од 382.500 денари.

На 20.03.2021 во периодот од 12.00 до 18.00 часот на подрачјето на СВР Охрид биле спроведена акциска контрола, при што биле регистрирани 16 случаи на недозволено престигнување, 16 пречекорувања на дозволената брзина на движење и 09 неправилно паркирани моторни возила, а две возила се исклучени од сообраќај. Возачите се соодветно санкционирани.

На 21.03.2021 во СВР Струмица, А.М.(18) од Струмица пријавил дека на 20.03.2021 околу 20.20 часот позади угостителски објект на бул„Ленинова" бил физички нападнат од Р.Г.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.03.2021 во 21.30 часот во Полициската станица Радовиш, М.Г.(18) од Радовиш пријавил дека околу 18.00 часот во близина на угостителски објект во Радовиш бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.03.2021 во 13.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во угостителски објект во с.Студеничани, скопско, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Р.Б.(50) и С.Ќ.(36), двајцата од с. Страхојадица. Полициски службеници излегле на местото и биле сочинети два записници за констатиран прекршок по член 11 од Законот на прекшоците против јавниот ред и мир.

На 20.03.2021 во 21.20 часот во Полициското одделение Кривогаштани, малолетник од Прилеп, со живеалиште во с.Кривогаштани, пријавил дека во угостителски објект во с.Кривогаштани бил нападнат со стаклен предмет од П.М. од с.Обршани. Се работи на расчистување на случајот.

На 21.03.2021 во 00.30 часот во СВР Куманово, Д.С.(43) од Куманово пријавил дека на 20.03.2021 околу 21.00 часот во нас.Доброшане неговиот син К.С. и Д.К. биле физички нападнати од неколку лица, кои ги познавале. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.03.2021 околу 11.00 часот во Полициската станица Чаир, Д.Т.(59) од Скопје пријавил дека на ул.„Ѓуботенски пат" бил каснат од куче скитник.

На 20.03.2021 во 16.00ч во СВР Велес, Н.Р.(42) од Велес пријавил дека на ул.„Јане Сандански" во Велес бил каснат од куче скитиник.

На 20.03.2021 во 01.00 часот во Полициската станица Центар, лицето А.В.(42) од Скопје пријавил дека од дома се одалечила неговата невенчана сопруга Ф.Д.Ч.(49). Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.03.2021 во 22.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Гоце Стојчевски" едно лице пукало кон Е.И.(27) од Скопје и со куршум го погодил во десната натколеница. На Е.И. му е укажана помош во Градската општа болница „Св.Наум Охридски".. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет